# Психолошки аспекти при испитување на сведоци, оштетени и жртви

- Јавниот обвинител пронаоѓа, предлага и обезбедува докази
- Испитување на сведоци

- Терминот сведок многу често се користи како синоним на очевидец, односно лице кое се затекнало на одредено место и време и врз основа на тоа имало можност да види, слушне, сознае некој факт или околност кој може да биде од важност во процесот на истражување и докажување на еден кривично – правен настан.
- Најчесто доказно средство истовремено е и најнесигурно.

- Вистинитоста се проценува и проверува преку утврдување на изворот на сознанијата
- Посредни и непосредни
- Директни и индиректни

- Одредби од ЗКП во однос на сведоците

- Начини и техники на испитување
- Почеток
- Средина
- Крај
- Динамика
- Соодветен пристап




# Заштита на загрозениот сведок според законот за кривична постапка

- Заштитата на загрозениот сведок се обезбедува со посебен начин на испитување и учество во постапката согласно Законот и со примена на мерки на заштита вон постапката уредени со посебен Закон.

- Во постапката, на загрозениот сведок не смее да му се поставуваат прашања со кои на директен или индиректен начин би го открил својот идентитет, местото на живеење, местото на вработување и членовите на семејството. Ако пак некое лице во било кое својство ги дознае податоците за загрозениот сведок е должно да ги чува како класифицирана информација.

- Заштита на загрозениот сведок се обезбедува во сите фази од кривичната постапка, а по завршеното испитување под псевдоним, загрозениот сведок го потпишува записникот под псевдонимот.

- ЗКП предвидува  посебен начин на учество во постапката и испитување на загрозениот сведок ако е потребно, освен прикривање на личните податоци да се прикрие и изгледот на загрозениот сведок. Во таков случај испитувањето ќе се спроведе со помош на технички уреди за пренос на слика и тон при што ликот на загрозениот сведок и неговиот глас се изменети. Испитувањето тогаш може да се одвива во посебна просторија која физички е одвоена од просторијата која физички е одвоена од просторијата во која се наоѓа судијата и другите учесници во постапката – **член 230.**

- ЗКП во **членот 232** предвидува уште еден начин на испитување на посебно ранливи жртви и сведоци за кои органот што ја води постапката ќе утврди дека со оглед на возраста, здравствената состојба, природата или последиците од кривичното дело, односно поради други околности на случајот, се посебно ранливи и тоа малолетно лице жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба, па испитувањето на тие лица во просториите на органот што ја води постапката би имало штетни последици по нивното психичко или физичко здравје.

- Прашањата на оштетениот и сведокот можат да се поставуваат само преку органот што ја води постапката кој пак треба да се однесува со посебно внимание за да се избегнат штетните последици врз личноста, телесното и душевното здравје.

- Децата жртви на дејствија кои со Закон се предвидени како кривични дела ги имаат истите права што ги имаат и полнолетните лица кога се јавуваат како жртви, во сите фази и тоа пред започнувањето, за време на траење и по завршувањето на кривичната постапка, но децата жртви и сведоци ги имаат и посебните права признати со Конвенцијата за правата на детето и другите ратификувани меѓународни договори.

# КРИВИЧНИ ДЕЛА НА ШТЕТА НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА – ДЕЦА

- 3 критериуми за определување на кривичните дела “на штета на малолетни лица - деца” како што се:

**Малолетството како конститутивен елемент на делото**

**Малолетството како квалификаторна околност**

**Дела од општ карактер чијашто жртва може да биде и малолетно лице**

# Права на детето жертва на кривично дело



- Правото со детето да се постапува со почитување на неговото достоинство,
- Да биде заштитено од секаква дискриминација,
- Да биде известено за своите права на јазик разбирлив и соодветен на неговата возраст,
- Да се почитува правото на негова приватност,
- Правото родителот односно старателот на детето да биде информиран за сите прашања во врска со кривичното дело и сторителот,
- Правото детето односно неговиот родител и старател да учествува како оштетен во кривичната постапка со приклучување кон кривичен погон или за остварување на имотно-правно барање за штета,

- Право на заштита на безбедноста на детето и безбедноста на неговото семејство,
- Грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка,
- Право на посебна заштита од секундарна виктимизација или ревиктимизација,
- Право на психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органите и другите установи и организации за помош на деца жртви на кривични дела кои органи имаат обврска да преземаат мерки на помош и заштита и да постапуваат на начин на кој ќе се избегнат можни штетни последици за личноста на детето жртва.

- Детето жртва на кривично дело уште во полициската постапка, а подоцна и во кривичната постапка има право на правна помош од адвокат пред да даде исказ односно изјава или при поднесување на имотно-правно барање, има право на надоместок на материјална и нематеријална штета под определени услови предвидени со овој Закон, доколку надоместокот на штета не може да се обезбеди од осудениот и во текот на целата постапка уште од давањето на првиот исказ, има право на полномошник.

- Детето има право да се чуствува безбедно и затоа е неопходно потребно да се размислува за постоење на посебни простории за разговор каде детето ќе се чувствува психички и физички сигурно и ќе биде заштитено од дискриминација.

# Изложеноста на насилство има различни рефлексии во зависност од Возраста на детето

- **дете на претшколска возраст** не умее детално да го вербализира насилството, заради што треба да се внимава на други знаци-телесни симптоми-болки во стомак, главоболки,нагласена вознемиреност, нарушување на сонот, забавен телесен развој, слаби резултативо учењето, недоверба кон возрасните, повлеченост, страв ос определени личности или пол, автодеструктивно однесување или агресивност, доминација на моќ и контрола, претерана служност и желба д а се угоди , страв и одбивање на добронамерни допири и сл.

- **Дете на школска возраст**, во зависност од степенот на изложеност, манифестира однесување кое бара одобрување, се жали на телесни болки, манифестира повлеченост, пасивност, послушност, ниска толеранција на фрустрации, испади на бес, зачестени судири со браќа, сестри или врсници во училиштетто, манифестира агресивност  преку постојно малтретирање на другите,особено послабите од него  и сл;

- **Во адолесценција**, најчесто е пребегнувањето кон бегство од домот, консумација на алкохол, наркотици,суицидни мисли или обиди, хомоцидални мисли или обиди, оддавање на криминал, низок степен на самопочит, тешкотии во релациите со врсници, намалено чувство на емпатија кон другите, песимизам, тешкотии во учењето, бегство во рана бремености и сл.

# Посебна мерка – процесна заштита

- Судот мора да определи посебна мерка на процесна заштита во случај кога:

➡ Детето жртва има потреба од посебна грижа и заштита;

➡ Детето е жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба;

➡ Детето е жртва на кривични дела против човечноста и меѓународното право; Детето е жртва на други кривични дела за кои со Закон е утврдена казна затвор над 4 години.

- Судот, Јавниот обвинител и полицијата се должни да го поучат детето жртва за неговите посебни права на процесна заштита најдоцна пред неговото прво испитување и за тоа составуваат службена белешка или запис.

- Посебните права на жртвите на кривичните дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право се регулирани во член 55 од Законот за Кривична постапка и секако решенијата од истиот можат да се применат во постапката и кога жртвата е малолетно лице.

# Видови мерки на процесна заштита

- Судот може да определи:

  - Користење на екрани за заштита на жртвата и сведокот;

  - Прикривање на идентитетот или изгледот;

  - Давање исказ преку видео конференција; отстранување на тогите и капите;

  - Исклучување на јавноста;

  - Видео и аудио запис на исказот кој ќе се користи како доказ;

  - Земање на исказ преку посредство на стручно лице,

  - Употреба на посебни технички средства за комуникација

  - Заштита на приватноста на детето и на неговото семејство.

- Итноста на постапката е особено важна за жртвата поради потребата брзо да се санираат раните и траумите од кривичното дело и потребата од материјално обештетување бидејќи правдата до која се доаѓа со задоцнување е всушност неправда.



# Когнитивен пристап

- **Незнаење**
- Ако има прашање на кое што не знаеш да одговориш, не е страшно, никој не може да се сеќава на се, кажи ми не знам, важно е да ми го кажеш само она на кое што се сеќаваш
- **Непријатност**
- Ако ти е непријатно поради некое прашање, едноставно кажи
- **Не разбраност**
- Доколку не разбираш нешто кажи ми, јас ќе ти го поставам прашањето на друг начин со други зборови
- **Поврзаност на прашањата**
- Може да се случи да ти поставам исто прашање повеќе пати, може сум заборавила дека сум те прашала, само кажи ми што се сеќаваш

# Обештетување на дете жртва

- Законот дава можност и за обештетување на дете жртва или дете оштетено со дејствија што со Закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство и тоа од сретствата што се издвојуваат од Буџетот на Министерството за правда согласно претходно изготвена годишна програма – **член 151.**

Ви благодарам

Јавен обвинител

Спасенка Андонова